Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 01.06.2024

На 31.05.2024 во 19.20 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за недозволена при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.Б.(21) и М.В.(22), двајцата од скопско, поради тоа што кај нив била пронајден и одземен кокаин. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2024 во 18.50 часот на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за недозволена при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Г.(45) од Скопје, поради тоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2024 во 01.30 часот, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, во угостителски објект на булеварот „Железничка" во Охрид, ги лишија од слобода А.Д.(35) и Д.П.(33), двајцата од Велес. Тие се затекнати при користење опојна дрога а при преглед кај Д.П., пронајдени се две пакувања со бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.05.2024 од страна на полициски службеници од ОВР Прилеп, извршен е претрес во домот на лицето М.Г.(36) од Прилеп, при што била пронајдена грутчеста материја и предмети поврзани со кривичното дело. По документирање на настанот против лицето ќе следува соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (31.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 114 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 14 санкции, шест санкции за користење мобилен телефон при возење, седум мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, шест санкции за некористење на сигурносен појас...

На 31.05.2024 во 17.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Словенија" во Скопје Ќ.В.(62) од Скопје, кој управувал патничко возило за такси превоз „шкода рапид" со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувал патник, откако му се слошило, со возилото излетал од коловозот и удрил во дрво. По несреќата возачот бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември", каде од страна на лекар била констатирана смрт како последица од срцев удар. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 31.05.2024 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непрописно престигнување. При контролата биле откриени и санкционирани 32 прекршоци за непрописно престигнување (ТЕ-6 и ТВ-26). При контролата, исто така, биле констатирани и 7 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци. На возачите прекршителите изготвени им се предвидените поднесоци.

На 31.05.0204 во 13.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Гоце Делчев" и ул.„Григор Прличев" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „мерцедес", управувано од Р.Р.(29) од Скопје и мопед „априлија", управуван од М.Д.(44) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Д., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 31.05.2024 од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Охрид преземени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 11 возачи на моторни возила кои извршиле престигнување на други моторни возила на непрегледни и места каде тоа е забрането со сообраќаен знак (Охрид-02, Струга-05, Кичево-04).

На 31.05.2024 во 14.42 часот во СВР Битола било пријавено дека на земјен пат во атар на с.Кременица, битолско, Ж.Р.(63) од с.Средно Егри, битолско, управувајќи патничко возило „форд" со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Од здобиените повреди возачот починал на местото на несреќата, а смрт била констатирана од лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Битола.

На 31.05.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Кисела Вода П.Р.(48) од Скопје пријавила дека на бул.„Борис Трајковски" во Скопје нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 31.05.2024 во 09.50 часот во ОВР Кичево, Г.Р.(22) од кичевското село Пласница, пријави дека на Градскиот кеј во Кичево бил каснат од куче скитник.

01.06.2024
ДОПОЛНЕНИЕ-ИЗВАДОК ОД ДНЕВНИТЕ НАСТАНИ

На 31.05.2024 полициски службеници ги лишиле од слобода Т.П.(31) од с.Смојмирово, беровско, М.Д.(25) и А.З.(25), и двајцата од Берово, по претходна пријава дека од викенд куќа на место викано „Тоскова ливада", пукале со огнено оружје. Извршен бил увид на местото на настанот при што биле пронајдени и одземени сигнален пиштол „екол специјал 99" калибар 9мм и пиштол „зораки 917-Т" калибар 9мм, а пронајдени и подигнати биле и испукани чаури. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против К.Ј.(25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 04.04.2024 бил извршен преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 31.05.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Казнено-поправната установа Затвор Идризово, осуденикот Ѓ.М.(43) од Скопје бил физички нападнат од осуденикот К.Ф.(40) од Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2024 година во 18.50 часот во СВР Тетово, Љ.С.(30) од тетовска Мала Речица пријавил дека му била злоупотребена банкарска кредитна картичка која не можел да ја најде, а при преглед на неговата сметка забележал дека биле извршени неколку трансакции. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Д.(52) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.10.2023 во Штип, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одземе хероин и амфетамин.

Денеска (01.06.2024) во 01.30 часот во СВР Скопје, П.М.(56) од Скопје, пријавил дека на 31.05.2024 околу 21.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од Ј.О. и М.Н., кои потоа заедно со уште две други лица пред објектот оштетиле и инвентар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2024 во 22.10 часот во СВР Скопје 69-годишна жена пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот брат Ѓ.З.(67) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(43) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 27.12.2022, откако ги забележал полициските службеници, пријавениот фрлил кокаин, кој подоцна бил пронајден и одземен.

На 31.05.2024 во 17.00 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Полициска станица Карпош ги привеле М.П.(52) и С.О.(43), двајцата од Скопје. Тие претходно го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка, во која М.П. се заканувал и со остар предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2024 во 19.45 часот во СВР Скопје, К.Н.(40) од с.Мирковци, скопско, пријавила дека околу 16.55 часот на подрачјето на Бит Пазар едно лице со употреба на физичка сила ѝ одзело златен ланец што го носела на себе. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против М.М.(36) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 08.12.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин, амфетамин и таблета МДМА.

На 31.05.2024 во 09.00 часот во СВР Скопје, 26-годишна жена пријавила дека на 30.05.2024 во основно училиште на подрачјето на Кисела Вода, соученик недолично се однесувал кон нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (01.06.2024) во 00.07 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во казино на подрачјето на Центар две лица со закана кон вработениот одделе пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.П.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 12.12.2023, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 31.05.2024 во 21.50 часот полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода М.А.(27) од неготинско село, постапувајќи по претходна пријава од неговиот 48-годишен татко, според која тој не го почитувал решението од Основен суд Неготино со мерка забрана за приближување и влегување во домот, и дошол во неговиот дом. З.М. бил задржан во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (01.06.2024) во 07.53 часот во Полициска станица Кочани, Р.К.(67) од Кочани пријавил дека во с.Бурличево, Општина Чешиново Облешево, бил физички нападнат од Г.Д.(52) од истото село, кој употребил и тврд предмет. По целосно документирање ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2024 во 03.55 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода К.В.(40) од село Водоча, струмичко. Тој на 30.05.2024 на магистрален пат А-4 Струмица—Радовиш, на место викано „Градашорска крстосница", агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени задачи. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица и за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на случајот, против К.В. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет